04-4952/2
28.04.2025

Република Северна Македонија
Министерство за култура и туризам
Одделение за управување со човечки ресурси

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Kulturës dhe e Turizmit
Menaxhimin E Resurseve Njerëzore

Врз основа на член 11, член 30 став 1 алинеа 2, став 3 и став 5, член 48 и член 49 од Законот за административни службеници (”Сл. весник на Р.М.” бр.27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, 5/2016, 142/2016 и 11/2018) и ”Сл.весник на РСМ” бр.275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), а во согласност Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас,начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто,како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција,во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас (”Сл. весник на Р.М.” бр.11/2015, 5/2018 и 303/20), државниот секретар на Министерството за култура и туризам објавува :

# ИНТЕРЕН ОГЛАС БРОЈ 01/2025
## за унапредување на административни службеници во Министерството за култура и туризам

Се распишува Интерен оглас за унапредување на 6 (шест) административни службеници за следните работни места:

**1. Ниво Б1, шифра УПР 01 01 Б01 000,** Државен советник за креирање политики во туризмот– 1 извршител

**Посебни услови** :
Степен и вид на образование:ниво на квалификациите VI А според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен - Високо образование
Работно искуство : најмалку шест години работно искуство во струката од кои најмалку две години на раководно работно место во јавен сектор, односно најмалку десет години работно искуство во струката од кои најмалку три години на раководно работно место во приватен сектор.

**Посебни работни компетенции:**

- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски);
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење
- Потврда за положен испит за административно управување.

**2. Ниво Б1, шифра УПР 01 01 Б03 000,** Помошник на раководител на сектор за издавачка дејност во Сектор за издавачка дејност ( Сектор книга ) – 1 извршител


Министерство за култура и туризам на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës dhe e Turizmit Republika e Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ “ бр. 61, Скопје Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23207413
www.kultura.gov.mk

**Посебни услови** :
Степен и вид на образование:ниво на квалификациите VI А според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен - Наука за книжевноста, Високо образование
Работно искуство : најмалку пет години работно искуство во струката од кои најмалку две години на раководно работно место во јавен сектор, односно најмалку осум години работно искуство во струката од кои најмалку три години на раководно работно место во приватен сектор.

**Посебни работни компетенции:**

- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски);
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење
- Потврда за положен испит за административно управување.

**3.Ниво Б4, шифра УПР 01 01 Б04 000,** Раководител на одделение за управни работи при Секторот за нормативно-управни работи и за авторското право и сродните права – 1 извршител

**Посебни услови** :
Степен и вид на образование:ниво на квалификациите VI А според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен - Правни науки
Работно искуство : најмалку четири години работно искуство во струката од кои најмалку една година на работно место во јавен сектор, односно најмалку шест години работно искуство во струката од кои најмалку две години на раководно работно место во приватен сектор.

**Посебни работни компетенции:**

- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски);
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење
- Потврда за положен испит за административно управување.

**4.Ниво Б4, шифра УПР 01 01 Б04 000,** Раководител на одделение за драмска и филмска дејност при Секторот за дејности од областа на културата и уметноста – 1 извршител

**Посебни услови** :
Степен и вид на образование:ниво на квалификациите VI A според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен - Хуманистички науки
Работно искуство : најмалку четири години работно искуство во струката од кои најмалку една година на работно место во јавен сектор, односно најмалку шест години работно искуство во струката од кои најмалку две години на раководно работно место во приватен сектор.

**Посебни работни компетенции:**

- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски);
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење
- Потврда за положен испит за административно управување.

**5.Ниво Б4, шифра УПР 01 01 Б04 000,** Раководител на одделение за стратешко планирање, развој, анализи, истражување и унапредување на издавачката дејност во Република Македонија при Секторот за издавачка дејност (Сектор за книга) – 1 извршител
**Посебни услови** :

Степен и вид на образование:ниво на квалификациите VI A според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен - Хуманистички науки
Работно искуство : најмалку четири години работно искуство во струката од кои најмалку една година на работно место во јавен сектор, односно најмалку шест години работно искуство во струката од кои најмалку две години на раководно работно место во приватен сектор.

**Посебни работни компетенции:**

- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски);
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење
- Потврда за положен испит за административно управување.

**6. Ниво Б4, шифра УПР 01 01 Б04 000,** Раководител на одделение за административно- имотни и архивски работи во Секторот за општи работи – 1 извршител


Министерство за култура и туризам на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës dhe e Turizmit Republika e Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23207413
www.kultura.gov.mk

**Посебни услови** :

Степен и вид на образование:ниво на квалификациите VI А според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен - Општествени науки

Работно искуство : најмалку четири години работно искуство во струката од кои најмалку една година на работно место во јавен сектор, односно најмалку шест години работно искуство во струката од кои најмалку две години на раководно работно место во приватен сектор.

**Посебни работни компетенции:**

- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски);
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење
- Потврда за положен испит за административно управување.

**Општи услови:**

- да е државјанин на Република Северна Македонија;
- активно да го користи македонскиот јазик;
- да е полнолетен;
- да има општа здравствена способност за работното место ;
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност
- да е оценет со оцена „А“ или „Б“ при последното оценување,
- да е на работно место на непосредно пониско ниво или да е на работно место во рамки на истата категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас,
- да поминал најмалку две години на исто ниво и
- да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас.

**Распоред на работното време:**

Дневното и неделното работно време е од 7:30/8:30 часот до 15:30/16:30 часот, од понеделник до петок

Платата за работното место реден број 1 е во паричен нето износ од 50.323 денари.

Платата за работното место реден број 2 е во паричен нето износ од 43.821 денари.

Платата за работните места од реден број 3 до реден број 6 е во паричен нето износ од 40.248 денари.

Заинтересираните кандидати треба да поднесат пополнета пријава и докази за податоците содржани во пријавата преку архивата на Министерството за култура и туризам до Одделението за управување со човечки ресурси и до службената електронска адреса на Одделението за управување со човечки ресурси hr@kultura.gov.mk

Кандидатите кон пријавата покрај доказите за исполнување на општите и посебните услови, можат да ги приложат и следните докази

- потвдри за успешно реализирани обуки и/или
- потврди за успешно реализирано менторство

Рокот за поднесување на пријавата со доказите трае 5 (пет) дена од денот на објавување на интерниот оглас.

Во пријавата кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни а доставените докази верни на оригиналот.

НАПОМЕНА: Кандидатот кој ќе внесе лажни податоци во пријавата или се утврди дека внел лажни податоци, ќе биде дисквалификуван од натамошна постапка по овој оглас.

Со почит,

ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР,
Марија Станчевска Ѓоргова

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА И ТУРИЗАМ - MINISTRIA E KULTURËS DHE E TURIZMIT
Скопје-Shkup

Подготвил: И.Стевковска


Министерство за култура и туризам на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës dhe e Turizmit Republika e Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23207413
www.kultura.gov.mk

ОБРАЗЕЦ ЗА ПРИЈАВА

ПО ИНТЕРЕН ОГЛАС ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА КУЛТУРА И ТУРИЗАМ

1.Податоци за огласот

- Број на интерен оглас ______________________

- Работно место за кое се пријавува___________________________

2.Лични податоци на кандидатот

- име ____________________

- презиме ___________________

- припадност на заедница ________________

- вработен/а во сектор/одделение ______________________________

- контакт телефон ________________

3.Податоци за исполнување на посебни услови

- Степен на образование или стекнати кредити ______________

Вид на образование _____________________

-Образовна институција ______________

-Насока __________________

-Датум и број на диплома _____________

Податоци за работно искуство

-Години,месеци ________________

4.Податоци за оценување во последните 3 години пред објавување на интерниот оглас

______________________________________________________

5.Податоци за изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас

__________________________________

6.Податоци за звањето на административниот службеник во последните две години пред објавувањето на интерниот оглас

__________________________________

Изјавувам под морална и материјална и кривична одговорност, дека податоците наведени во пријавата за унапредување, се веродостојни и дека на барање на надлежен орган ќе доставам докази, во оригинал или копија заверена на нотар.

Напомена : кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата се дисквалификува од натамошна постапка.

Подносител на пријавата: